ПЗУ АВИЦЕНА ЛАБОРАТОРИЈА
СПЕЦИЈАЛИСТИЧКА ДИЈАГНОСТИЧКА ЛАБОРАТОРИЈА
Бул. 8 Септември бр.2, Лок.1, 1000 Скопје, Р. Македонија
тел: 02/3179 001, 075 211 406; факс: 02/3177 130
e-mail: lab@avicenalab.com.mk; www.avicenalab.com.mk

## Total testosteron - Вкупен тестостерон

| | |
|---|---|
| **За тестот:** | Тест за одредување на нивото на вкупен тестостерон во крвта. Се прави во случај на одложен или ран пубертет кај момчињата, намален сексуален нагон кај мажите и жените, еректилната дисфункција кај мажите, неплодност кај мажите и жените, тестикуларни тумори кај мажите, нарушувања на хипоталамусот и хипофизата, хирзутизам и вирилизам кај девојчињата и жените. |
| **Примерок:** | Венска или капиларна крв. |
| **Подготовка пред земање на примерок:** | За повеќето лабораториски испитувања на крвта неопходна е припрема која подразбира земање на примерок ( на празен стомак ) наутро, 12 часа од последниот оброк. Ова е неопходно затоа што консумацијата на храна во периодот пред земањето на крвта доведува до пораст на концентрацијата на глукоза, холестерол, липиди, протеини, железо и други метаболити.<br><br>За да се добијат веродостојни резултати, во договор со лекарот, вадењето на крвта треба да се врши после прекин со терапијата и wash out периодот ( времето неопходно целиот лек да се исфрли од организмот и реално се одредат нови базални вредности ) – ова особено се однесува на терапија со железо, витамински препарати, хормонска терапија и др. |
| **Забелешка:** | **Тестостеронот** е најважен машки полов хормон, одговорен за развојот на момчињата во текот на пубертетот и неопходен хормон за одржување на здравјето и нормалната функција на организмот во текот на целиот живот. Тестостеронот ги дава надворешните машки карактеристики (подлабок глас, растење на брада и појава на влакна во пазувите и пубичната регија, зголемување на мускулната маса и забразан раст и развој). Тестостеронот го произведуваат тестисите (дури 95% од вкупниот тестостерон во организмот). Тестостеронот од тестисите оди во крвта, а преку крвта во целните органи. Вкупниот тестостерон е збир на слободни и врзани тестостерони. |